# Вовед

Зборот „креативност“ често се користи во секојдневниот говор. Со него се поврзуваат уметноста, книжевноста, науката и иновациите. Постои консензус во јавноста дека без креативност не би имало прогрес во општеството (Starko, 2010). Но, што всушност претставува креативноста, односно, што ја поттикнува како процес и какво е нејзиното влијание во различните сфери од општественото живеење?

*Diferentia specifica* на човекот е неговиот порив за создавање и творење. Преку творештвото човекот ја изразува својата креативност. Денес сè повеќе созрева свеста дека творештвото претставува основна генеричка одлика на човекот, а не привилегија на мал број луѓе. Поради тоа, развивањето на креативноста треба да претставува една од основните задачи на современиот воспитно-образовен систем, особено кога покрај практичните потреби, присутни се и сознанија од голем број педагошко-психолошки истражувања кои тврдат дека креативниот потенцијал на човекот може да се стимулира и да се развива. Незапирливиот пробив на техничките средства, пак, во реализацијата на наставниот процес, исто така, придонесува за преиспитување на ефикасноста и целесообразноста на вообичаените методи и техники што се користат во воспитно-образовната практика.

Според експертите, креативноста се учи преку практика (Amabile, 2011). Додека малите деца се инхерентно креативни, развојот на долгорочниот креативен потенцијал во човечката личност зависи од искуството. Постојат повеќе интринзични процеси или вештини кои придонесуваат за развој на креативноста кај децата. Мотивацијата е една од клучните компоненти на креативноста која најдиректно влијае врз креативното размислување на децата. Креативноста вклучува трансформација на идеи, замисли и имагинација во реалност. Кога твори, детето може да ги види скриените обрасци и да воспостави врски помеѓу работи што вообичаено не се поврзани. Неговата креативна способност зависи од начинот на размислување и се стекнува со напорна работа и со решавање на проблеми. Во оваа смисла, креативноста претставува централен извор на енергија во живот на детето. Може да се каже дека сите деца се родени со потенцијал да бидат креативни. Неопходно е само да се открие внатрешниот творец во личноста на детето и да се поттикнува неговата активност. Познатиот сликар Пикасо вели дека секое дете е уметник, но проблемот е во тоа како детето, откако ќе порасне, да остане уметник. Постојат експерти кои сметаат дека училиштата ја ослабуваат (ја задушуваат)

креативноста на децата инсистирајќи на академски успех (Robinson & Aronica, 2015). Тие се фокусираат на едно од денес најкритичните прашања во образованието: како да се трансформира застарениот индустриски образовен систем во персонализиран образовен систем, кој се базира на денешните технолошки достигнувања? Кај децата треба да се развие љубов кон учењето за да се оспособат за соочување со предизвиците на 21 век. Креативноста е најслободната форма на самоизразување на детето. Ништо повеќе не ги исполнува децата со задоволство отколку можноста слободно да сѐ изразат. Да се отфрли или дури да се исмее некоја детска идеја, според Робинсон иАроника (Robinson & Aronica, 2015), значи да се дискредитира процесот на развој на креативноста кај децата. Се разбира, децата без сомнение, можат да дојдат и до лоши идеи, но честопати заслужни за тоа се делови од нивниот процес на размислување или определено образложение. Децата кои се плашат од грешка, обично размислуваат помалку креативно. Ова значи дека треба да се создаде средина за учење во која децата ќе се чувствуваат слободни.

Теоретскиот пристап кон креативноста треба да се фокусира и на влијанието што го врши социјалниот и културниот контекст врз развојот на личноста на детето. Според Бронфенбренер (Bronfenbrenner, 1975), секое дете се развива во определен микросистем (семејство, училиште, соседство, итн.), мезосистем (интеракција помеѓу семејството и училиштето) и екзосистем (социјалната средина која индиректно го засега развојот на детето, на пример, работното место на родителите и сл.). Најширокиот културен контекст (општеството во целина, законите, обичаите и вредностите, западната наспроти источната култура, националната економија, политичката култура, супкултурата и сл.) се фактори кои го условуваат креативниот кразвој на децата.

Децата растат во семејства каде што се среќаваат различни стилови на родителство. Стиловите на родителство се разликуваат од една култура во друга, меѓутоа сите стилови на родителство силно влијаат како поддршка врз индивидуалниот раст и развој на децата и нивната способност за прилагодување во општеството. Односите со врсниците, исто така имаат важна улога во личниот и социјалниот развој на децата. Истражувањата покажуваат дека децата кои имале силни пријателства во детството се поспособни за негување на одржливи односи со луѓето за разлика од оние кои имале осамено детство. Децата и адолесцентите не се секогаш толерантни кон промените. Понекогаш, можат да манифестираат агресија, понекогаш, пак, повлѐченост.

Во оваа насока говори и теоријата Флавел (Flavell et al., 2002), според која, децата имаат потреба да го разберат однесувањето на другите луѓе, нивните желби, верувања и перцепции. Истражувањата покажале дека таа своја потреба децата започнуваат да ја реализираат на возраст од четири години, па нагоре. Тие ги разбираат чувствата на другите луѓе, имаат слични искуства и како резултат на тоа, тие можат да имаат различни ставови и поинакво мислење.

Децата од школска возраст се мошне мотивирани да истражуваат и да бидат компетентни во функционирањето во нивните средини. Во контекст на општествената средина, тоа нè води кон имитирање на модели и улогите што тие ги сметаат за компетентни и авторитативни. Така, во раното детство, креативноста може да се учи и од модели (односно, преку улогата на родителот и наставникот како модел). Настојувајќи да станат компетентни учесници во такви институции и средини, младите луѓе од сите култури покажуваат слични шеми на однесување и размислување.

Канадскиот психолог Бандура, во својата теорија за социјалното учење, открил дека моделите се важен извор за учење на нови однесувања и прифаќање на нови ситуации. Според него, луѓето се активни суштества, обработувачи на информации и промислувачи на поврзаноста помеѓу однесувањето на поединецот и ставовите и реакциите на другите луѓе (Bandura, 1977). Теоријата на социјалното учење се фокусира на следниве фактори кои влијаат врз процесот на набљудувачкото учење:

- Вниманието (вклучувајќи ги моделите, настаните и карактеристиките на набљудувачот).

- Содржината (вклучувајќи го симболичното кодирање и организирањето на симболични докази).

- Репродуктивната моторика (вклучувајќи ги физичките способности, самонабљудувањето, репродукцијата и точноста на повратните информации).

- Мотивацијата (вклучувајќи го и влијанието на надворешните фактори).

Процесот на стекнување на знаења и откривање на нови врски и релации во човековата животна средина отсекогаш бил предмет на истражувања во различни области: филозофијата, психологијата, антропологијата, лингвистиката, образованието, културата и др. До денес, создадени се бројни теории кои се однесуваат на когнитивните

и креативните способности на човечкиот ум. Токму поради тоа, вообичаена амбиција на секое општество е да им помогне на младите да бидат креативни.

Овој предизвик е мотивиран од два клучни елементи: искуството на учениците во училиштето да стане релевантно, динамично и инспиративно и да се осигура дека младите луѓе, по завршувањето на образованието, ќе бидат оспособени да придонесат за растот и развојот на општествениот прогрес. Оттука, можеме да констатираме дека воспитно-образовниот процес претставува сложена дејност. Наставниците, освен добрата професионална подготовка која опфаќа педагошка, психолошка, социолошка, филозофска, дидактичка и методичка димензија, треба да поседуваат и високо ниво на креативност со која ќе ги поттикнуваат учениците самите креативно да се изразуваат и ефикасно да се ангажираат на часовите во училиштето.

Креативноста претставува клучен фактор кој влијае не само врз постигнувањата на учениците во основното образование, туку влијае и врз растот и развојот на децата од предучилишно образование. Квалитетот на наставните програми, исто така, зависи од тоа колку со нив се поттикнува креативноста на учениците во учењето базирано на решавање на проблеми. Истото важи и за методичките аспекти на наставата. Развојот на методите, принципите, процедурите или стратегиите кои наставниците треба да ги применуваат за да ја поттикнат креативноста кај учениците, во голема мера зависи од креативноста на самите наставници. Сите методички принципи и постапки се детерминирани, делумно од природата на предметот што треба да се предава, а делумно и од верувањата и ставовите на наставниците за тоа како учениците треба да учат.

Во периодот од 1970-тите до 2000 година забележан е брз пораст на педагошко-психолошките истражувања кои ги испитувале ефектите од различните методички пристапи во наставата (Westwood, 2008). Истовремено, ваквите истражувања продолжуваат и понатаму да се фокусираат на процесот на учење, односно да се интересираат како учениците стекнуваат знаења, како обработуваат информации, како ги развиваат вештините и способностите, какви ставови градат и како размислуваат. Денес, соодветноста и ефикасноста на определен наставен метод кој ја поттикнува креативноста кај учениците може да се разгледува во однос на видот на учењето што треба да се реализира на часовите во училиштето и во однос на карактеристиките на учениците. Се разбира, истражувањето на методичките аспекти во наставата продолжува понатаму и дебатите што произлегуваат од различните теории за учење и

поучување влијаат врз развојот на методите и техниките кои ја поттикнуваат креативноста кај учениците.

Креативноста денес се поттикнува во глобален економски контекст, за поддршка на иновациските истражувања, јавниот интерес, вредностите на општеството и финансискиот профит (Kalin, 2018). Токму поради тоа, таа е посебен предмет на интерес на националните и транснационалните образовни политики. Овој пристап кон проблемот на креативноста во образованието за поголем број на експерти е етички дискутабилен (Orison & Anne, 2013). Токму поради тоа, новите педагогии кои се развиле како одговор на неолиберализмот и маркетингот во образованието, критички се фокусираат на ваквото поимање на креативните процеси во образовните системи (Adams & Owens, 2016).

Значаен фактор за развој на креативноста кај учениците е поддржувачката училишна култура. Станува збор за училишна култура што е отворена за промени, им дава автономија на наставниците да испробуваат нови пристапи во учењето и поучувањето, ја прифаќа употребата на технологијата од страна на учениците и сл. Важен дел од ваквата култура се ставовите и мислењата на родителите кои ги поддржуваат иновациите на наставниците и не се фокусирани само на резултатите од тестовите (Saad, 2019). Според некои експерти (Reynolds, 2015), едно од поважните прашања за училишната култура и нејзиното влијание врз развојот на креативноста кај децата гласи: Како можат наставниците да поучуваат во рамките на курикуларните стандарди и во исто време да бидат креативни и контемплативни?

Наставата по книжевност е од клучно значење за развојот на квалитетен курикулум за основно образование. Целта на наставата по книжевност е да подготви критички писмено граѓанство во 21 век. Преку мултимодални текстови, оваа настава треба да обезбеди иновативен пристап во повеќе наставни модалитети за учење на јазикот преку книжевни текстови. Многу ученици сакаат да читаат со задоволство, но нивните вештини во читањето секогаш може да се подобрат. Книжевните дела, особено литературата за деца, се примарен извор за инспирација за креативно размислување и уметнички настојувања кај учениците.

Според многу проучувачи на оваа проблематика, постои длабока поврзаност помеѓу тековните трендови во наставата по книжевност и развојот на детската креативност (Leland et al, 2013). Книжевните дела се културно и општествено лоцирани

и како резултат на тоа, тие ги одразуваат вредностите на времето во кое се напишани. Задача на наставникот е да им помогне на учениците да ја поврзат содржината на прочитаното дело со современите општествени прашања.

Поттикнувањето на креативноста кај учениците во наставата по книжевност дава оригинален придонес во полето на образованието воопшто. На часовите по книжевност учениците ја истражуваат историјата, се запознаваат со фикцијата и фантастичното, ги истражуваат општествените вредности во различни временски епохи, го збогатуваат својот вокабулар, моделираат начин на сопствено пишување и друго. Во тој контекст, концептот за креативно учење, кој првично во педагогијата бил развиен од страна на американскиот филозоф и психолог Џон Дјуи (1859 – 1952), придонесува кон создавањето на нови перспективи за разбирањето на улогата на креативната настава и креативното учење во доменот на книжевноста. Покрај наставниците, според Дјуи и училиштето како институција треба да обезбеди соодветни услови за стимулирање на дивергентното мислење кај учениците (Dewey, 2007).

Понатаму, поттикнувањето на креативноста кај учениците, исто така, е условено од методичката интерпретација на книжевните текстови. Наставникот преку добро осмислен процес на поучување, треба да ги оспособи учениците да ги совладаат методите и техниките за стекнување на знаења. Креативната настава која се карактеризира со слободна атмосфера, будење на љубопитност, динамичност итн. има цел да ја поттикне желбата кај учениците за откривање на важни компоненти во содржината на книжевните дела. Самостојните откритија на учениците ќе влијаат врз изградбата на нивните погледи, размислувања и ставови.

Истражувањата во областа на педагогијата покажуваат дека креативноста кај учениците претставува круцијален капацитет кој треба да се негува. На децата треба да им се даде можност да го остварат својот потенцијал, а тоа е можно ако се развие суштинско партнерство помеѓу родителите и наставниците (Thorne, 2007).

Поврзаноста на книжевноста за деца со играта, имагинацијата и креативноста е евидентна. Оттука, стратегиите за поттикнување на креативност во наставата по книжевност треба да бидат предмет на разгледување кај креаторите на образовни политики во секоја земја.

Партиципативна креативност е една од модерните педагошки концепции кои се залагаат за воведување на стратегија која претпоставува еднаквост на сите субјекти во креативната училница. Целта на оваа стратегија е учеството во креативните активности и иновациите да биде достапно за сите ученици. Кога станува збор за креативноста, наставниците не можат да ги делат учениците на надарени и талентирани од една страна, и ненадарени, односно просечни ученици, од друга страна. Според експертите, креативноста е инклузивен и социјално дистрибутивен процес (Clapp, 2016). Учениците можат креативно да се изразуваат на разни начини. На пример, пишувањето на писмена творба кај нив може да биде инспирирано од слушање на музика или од гледање на слики (Goodwin, 2004). Најважно за развојот на писмените вештини кај децата е кај нив да се стимулира креативна употреба на јазикот преку читање, истражување, замислување, зборување и учество во низа привлечни и инспиративни активности (Cremin et al., 2005).

И покрај серија реформи, образованиот систем во Р. Србија сè уште не е во можност да ја ревитализира наставата по книжевност во основните училишта во насока на поттикнување на креативноста кај учениците, главно поради тоа што наставниците сè уште имаат тенденција да се потпираат на техники и методи кои се поткрепени со повторување и меморирање. Со ова се претпоставува дека доколку наставникот е креативен и доволно добро ја познава детската книжевност, ќе биде способен да ги презентира содржините од наставната програма на начин кој ги охрабрува децата да го сакаат читањето и ќе им помогне да ги максимизираат своите креативни потенцијали. Меѓутоа, индивидуалните заложби на наставниците не значат и системска насоченост кон јакнење на креативните пристапи и стратегии во наставата по книжевност во земјата. Иако на PISA тестирањата од 2000 до 2015 година Република Србија бележи напредок во постигнувањата на учениците, сепак, експертите се скептични во поглед на реалните состојби во воспитно-образовниот процес (Pavlović Babić & Baucal, 2011). Анализите покажуваат дека најголемиот дел од подобрувањата на резултатите се реализирале на пониски нивоа од критичката писменост на учениците, што укажува на фактот дека доминантниот метод на настава во училиштата во Р. Србија е сè уште традиционалниот метод. Наодите од истражувањата покажуваат дека подобрувањето главно се должи на одредени контекстуални фактори како што се повисоката мотивација на учениците и високото ниво на официјална поддршка за PISA тестирањата во Р. Србија, а не на вистинско подобрување на квалитетот на образованието во земјата.

Гледано од овој аспект, сметаме дека постојат повеќе меѓусебно тесно испреплетени фактори кои можат да влијаат врз поттикнувањето на креативноста во наставата по книжевност кај учениците од основните училишта во Р. Србија, како на пример: личноста на наставникот и неговата стручна подготвеност, изборот на стратегии за учење и поучување во наставата по книжевност, содржината на курикулумот за наставата по книжевност, содржината на учебниците за наставата по книжевност, училишната клима, скриениот курикулум и др.

Тргнувајќи од овој факт, се мотивиравме да ја истражуваме оваа проблематика со цел да дадеме што појасна слика за реалната состојба во основните училишта во Р. Србија во однос на прашањето за поттикнувањето на креативноста кај учениците во наставата по книжевност. Исто така, дополнителна мотивациска точка за ова истражување претставуваше новата филозофија на живеење која се интегрира во функционирањето на современото училиште и која се насочува кон постигнување на флексибилност, креативност, издржливост, демократичност и оригиналност во воспитно-образовниот процес.

Конечно, основна и заедничка обврска и должност на сите субјекти вклучени во образовниот систем, независно од нивната поединечна улога, е со истрајност и меѓусебна соработка, да партиципираат во подобрување на квалитетот на наставниот процес и во подобрување на резултатите од постигнувањата на младите генерации. Тоа, пак, истовремено позитивно ќе се рефлектира и врз поттикнувањето на креативноста во наставата по книжевност.